**Влада на Република Македонија**

**Центар за управување со кризи**

# А Н А Л И З А

на прогласената кризна состојба на дел од територијата на Република Македонија и тоа на подрачјата на јужната и северната граница на Република Македонија, заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението за период од прогласувањето на 19.08.2015 до 31.12.2015

**Скопје 2016 година**

Во текот на **2015** година, посебно во летниот период, Република Македонија се соочи со прилив на зголемен број на бегалци/мигранти кои од територијата на соседна Република Грција во организирани групи влегуваат на територијата на РМ која се наоѓа на т.н „транзитен коридор", кој бегалците/мигрантите од земјите на Блискиот Исток и Северна Африка го користат да пристигнат во земјите на Западна Европа, како нивна крајна дестинација, мотивирани пред сѐ од безбедносни и економски причини. Ова зголемено присуство на мигрантите/бегалци предизвика нарушување на јавниот ред и мир и безбедносната состојба во населените места, посебно на јужната и северната граница на подрачјето на општина Гевгелија и Куманово, нанесување на штети на приватен и јавен имот, како и деградација на животната средина.

Во почетниот период на зголемениот транзит на бегалците/мигранти низ територијата на Републиката, Владата формираше работна група за справување со зголемен број мигранти раководено од Министерството за внатрешни работи. Активностите на ова тело се спроведуваа од **19.06.2015** година, од кога се води евиденција на мигрантите/бегалци кои транзитираа низ територијата на Република Македонија.

Поради зголемениот прилив на мигранти/бегалци на територијата на Републиката, за справување со новонастанатите состојби, се јави потреба за превземање и на други координирани мерки, заради што Групата за процена и Управувачкиот комитет предложија, а Владата на седница одржана на **19.08.2015** година донесе одлука и прогласи кризна состојба на дел од територијата на Р. Македонија, поточно на јужната и северната граница на подрачјата на општините Гевгелија и Куманово. Согласно Одлуката, во Центарот за управување со кризи веднаш се воспостави функционирањето на Главниот штаб, кој согласно надлежностите постапува по „Акционен план за превенција и справување со влез и излез на бегалци и мигранти низ територијата на Република Македонија" донесен од Владата на РМ. Со наведениот План се предвидоа мерки и активности за превенција, и мерки и активности за справување со кризната состојба. По истекот на еден месец од прогласената кризна состојба, по извршените анализи на предлог на Групата за процена и Владата на РМ, Собранието на Република Македонија расправаше за мигрантската криза и донесе одлука за продолжување на кризната состојба до **15.06.2016** година. Во текот на целото времетраење, во справувањето со кризната состојба активно се вклучени следните субјекти: Министерствата за внатрешни работи, здравство, транспорт и врски, надворешни работи и труд и социјална политика, Центарот за управување со кризи, Армијата на Република Македонија, Агенцијата за разузнавање, Македонски железници – ЈП Инфраструктура, Македонски железници – АД Транспорт, Агенцијата за храна и ветеринарство, Црвениот крст на РМ и други хуманитарни и невладини домашни и меѓународни организации, како и локалните самоуправи Гевгелија и Куманово.

На почетокот на мигрантската/бегалска криза низ територијата на Републиката транзитираа и бегалците и економските мигранти, но поради селекцијата на мигрантите кои доаѓаат од земји со т.н. „економски намери" од страна на земјите членки на ЕУ, па со тоа и од страна на Република Србија, Република Македонија беше приморана да превземе исти мерки и да не дозволува транзит на лица кои не потекнуваат од Сирија, Авганистан и Ирак, односно беше дозволен транзит на лица со статус на бегалци, додека на „економските мигранти" од **23.11.2015** година па до крајот на извештајниот период, не им беше дозволен транзит низ Републиката. Тоа предизвика револт кај лицата од таа категорија, па во неколку наврати дојде до нарушувања на редот и мирот на самата гранична линија на територијата на Република Грција, но истите не ескалираа во мера во која припадниците МВР засилени со дел од единиците на АРМ не можеа да се справат.

Во продолжение се анализираат и прикажуваат превземените мерки и активности.

а) Мерки и активности за планирање и координација:

Заради справување со состојбата и координирање на активностите на сите субјекти вклучени во процесот на справување, Главниот штаб во периодот од прогласувањето на кризната состојба до **31.12.2015** година одржа вкупно **24** (дваесет и четири) седници во просториите на Центарот за управување со кризи. Покрај тоа, од страна на Директорот на ЦУК и други претставници на Главниот штаб се остварени повеќе поединечни и координирани посети на подрачјата на општините Гевгелија и Куманово како и самите прифатни транзитни центри, со цел отстранување на евидентираните проблеми во справувањето со кризната состојба на лице место. Покрај овие седници, како на национално, така и на локално ниво, помеѓу субјектите на дневна основа се остварува постојана комуникација и размена на податоци и информации од интерес за справувањето со кризната состојба како и надминување на воочените пропусти. Покрај седниците на Главниот штаб, во извештајниот период се одржани **5** (пет) седници на Групата за процена на кои се донесени соодветни заклучоци, од кои особено аналитичко значење имаат заклучоците за предлог за прогласување на кризна состојба во траење од **30** дена, за продолжување на времетраењето на претходно прогласената кризна состојба до **15.06.2016** година. Исто така, одржани се **11** (единаесет) седници на Управувачкиот комитет на кои се донесени соодветни заклучоци во насока на подобрување на функционалноста на системот и спроведување на конкретни мерки за справување со актуелните состојби. Во Регионалните центри за управување со кризи кои ги покриваат регионите зафатени со кризната состојба определени со Одлуката, поточно дел од подрачјата на општините Гевгелија и Куманово, на локално ниво се активирани регионалните штабови кои редовно одржуваат состаноци заради постојана координација на активностите на локално ниво.

Од страна на Центарот за управување со кризи се изработени **20** периодични (неделни) известувања и истите се разгледувани на затворени седници на Владата, и едно наменско известување за Собранието по истекот на првиот месец од прогласената кризна состојба, согласно чл. **31** ст. **3** од Законот за управување со кризи.

б) Мерки и активности за справување со кризната состојба:

**1.** На подрачјето на општина Гевгелија е формиран и функционира прифатно-транзитен центар за бегалци/мигранти. Од прогласувањето на кризната состојба прифатно-транзитниот центар импровизирано функционираше во самиот град Гевгелија (железничка станица) што претставуваше проблем за нормалното функционирање на градот и одвивањето на секојдневниот живот, поради што беше донесена одлука за преместување на центарот надвор од градот. Главниот штаб разгледа повеќе можности, и како најсоодветно решение го определи просторот и објектите на поранешен „Винојуг“. Поради фактот што наведениот објект во минатото беше доста запуштен и немаше целосна соодветна инфраструктура, за оспособување на истиот беа превземени низа мерки и активности, како што се:

–уредување и оградување на просторот,

–обезбедување на минимум услови и нивно дополнително надградување за работа на субјектите вклучени во справувањето со состојбата, како и престој на мигрантите/бегалци во истиот,

–воспоставување на контролиран влез и регистрација на мигрантите/бегалци од страна на МВР,

–зајакнување на мерките за зајакнато гранично обезбедување со вклучување на Армијата на РМ во функција на поддршка на полицијата,

–обезбедување на основни информации за мигрантите/бегалци,

–определување на управител на центарот,

–воспоставување на систем за неопходна медицинска помош со посебно внимание кон ранливите категории на мигранти/бегалци (бремени жени, мали деца, стари лица и лица со посебни потреби,

–обезбедување на центарот со електрична енергија,

–снабдување со вода за технички потреби преку поставање на цистерни, а подоцна со приклучување на водоводната мрежа,

–постојана контрола на водата за пиење и храната донирана од страна на НВО и други донатори,

–воспоставување на контрола на активностите на сите субјекти преку издавање на пропусници за движење и работа во подрачјето зафатено со кризната состојба,

–комунално-хигиенски мерки во центарот,

–воспоставување на соработка со невладините и меѓународните организации присутни на теренот.

По првичното уредување на центарот и обезбедување на минимум услови за работа на субјектите и времен престој на мигрантите/бегалци, во периодот што следеше е извршено проширување на центарот, дополнително уредување на просторот, тампонирање на патот од ГК 59 до центарот, спроведување на електрична инсталација во самиот центар како и на самиот ГК 59, дополнително опремување на центарот за работа во зимски услови, и уредување на железничката линија за превоз на мигрантите/бегалци од самиот центар до северната граница, поточно до Табановце.

2. На подрачјето на општина Куманово првично беше формиран пункт за помош на мигрантите/бегалци кои ја напуштаат територијата на РМ. Пунктот беше воспоставен на самиот железнички граничен премин Табановце. На почетокот пунктот функционираше со постојните капацитети и инфраструктура на самиот граничен премин, но со развојот на ситуацијата се дефинираше потребата од дополнително уредување на просторот и формирање на прифатно-транзитен центар каде мигрантите/бегалци ја напуштаат територијата на РМ, заради што се превземени следните мерки и активности:

–поставање на неопходен број на монтажни објекти за работа на субјектите, институциите и организациите присутни на терен, како и за престој на мигрантите/бегалци до напуштањето на РМ,

–определување на управител на центарот,

–воспоставување на систем за неопходна медицинска помош со посебно внимание кон ранливите категории на мигранти/бегалци (бремени жени, мали деца, стари лица и лица со посебни потреби,

–постојана контрола на водата за пиење и храната донирана од страна на НВО и други донатори,

–воспоставување на контрола на активностите на сите субјекти преку издавање на пропусници за движење и работа во подрачјето зафатено со кризната состојба,

–комунално-хигиенски мерки во центарот.

Со продолжувањето на времетраењето на кризната состојба се јави потреба од дополнителни мерки за опремување на центарот за понатамошна работа, пред се во предстојните зимски услови, заради што е извршено дополнително проширување, оградување, електрификација на центарот, како и создавање на неопходни услови за

непречен времен престој и транзит на лица од ранливи категории, пред се мајки со деца и лица со посебни потреби.

Во двата прифатно-транзитни центри воспоставено е постојано присуство на медицински тимови од Министерството за здравство и од Црвениот крст на РМ, како и поделба на неопходни артикли за исхрана (во вид на суви и течни оброци, како и топли пијалоци) и неопходна облека преку донации од хуманитарните организации. Исто така, извршено е поставање на грејни тела во шаторите и времените објекти, како и опремување на дел од шаторите со легла.

Покрај многуте податоци ќе ги истакнеме позначајните:

–во извештајниот период нема регистрирани случаи на починати мигранти/бегалци во прифатните центри ниту за време на организираниот транзит низ Републиката;

–Во здравствените установи на територијата на Република Македонија извршени се вкупно **11** (единаесет) породувања на жени бегалци/мигранти.

–Редовно се врши дезинфенкција како во прифатно-транзитните центри така и во возовите кои вршат транспорт на бегалците/мигранти.

в) мерки и активности за евиденција и контрола на транзитот на бегалците/мигранти низ територијата на РМ:

Од самиот почеток на кризната состојба, МВР воспостави евиденција на влезени мигранти/бегалци на територијата на Републиката. Во извештајниот период, во Републиката влегле околу **640.000** бегалци/мигранти. Според податоците добиени од МВР, во периодот од **19.06.2015**[1] до **31.12.2015** година до **24.00** часот, издадени се потврди на вкупно **388.233** странски државјани, од кои, **208.914** се од машки пол, **65.893** се од женски, **95.303** се деца кои го придружуваат носителот на потврдата, како и уште **18.123** деца кои патуваат без родител, на кои им е издадена потврда за искажана намера за поднесување на барање за признавање на право на азил. Според државјанството на лицата на кои им се издадени потврди, најбројни се државјаните на Сирија-**216.157**, потоа Авганистан-**95.691**, Ирак-**54.944**, Иран-**6.231**, Пакистан-**5.416**, Палестина-**2.158**, Сомалија-**1.276**, Бангладеш-**1.253**, Мароко-**1.317**, Конго-**514**, Алжир-**453**, Либан-**434**, Нигерија-**279**, додека останатите се во помал број. Од започнувањето на издавањето на потврдите до **31.12.2015** година до Секторот за азил се поднесени **86** барања за признавање на право на азил врз основа на претходно издадена потврда, при што **56** барања се од државјани на Сирија, со нив се и **23** деца во придружба на родителот, потоа **13** барања од државјани на Авганистан со нив се и **14** деца во придружба на родителот, четиери барања се од државјани на Палестина, три барања од државјани од Пакистан и Ирак, по две барања од државјани од Мароко, Либан и Алжир (четири се деца во придружба на родителот) и едно барање од државјанин на Египет.[2]

Во периодот од прогласувањето на кризната состојба (**18.08.2015** до **31.12.2015** година, издадени се потврди на вкупно **349.754** странски државјани, од кои **182.455** се од машки пол, **60.516** се од женским и **106.783** се деца, на кои им е издадена потврда за искажана намера за поднесување на барање за признавање на право на азил.

Според државјанството на лицата на кои им се издадени потврди, најбројни се државјаните на Сирија-**185.680**, Авганистан-**93.289** и Ирак-**52.904**, додека останатите **17.881** се од останати држави.[3]

(разликата во бројот на влезени мигранти/бегалци и лицата на кои им се издадени потврди

---

[1] МВР отпочна со водење на евиденција за влез на мигрантите од формирањето на оперативното тело за справување со зголемен број мигранти пред прогласувањето на кризната состојба

[2] Извор на податоците - МВР

[3] Податоците се добиени од МВР и се однесуваат на периодот од прогласувањето на кризната состојба

се јавува поради големиот наплив на мигранти/бегалци во неколку наврати, каде дневно имаше и преку **10.000** лица кои влегуваа од соседна Р. Грција на ГК **59** неможноста на МВР да ги евидентира сите лица заради ограниченоста со времето за кое на лицата треба да им се обезбеди транзит до северната граница).

Во текот на времетраењето на кризната состојба, во центрите цело време се присутни и активно учествуваат во поделба на хуманитарна помош како и во пружање на основни медицински услуги тимови на Црвениот крст и други домашни и меѓународни хуманитарни и невладини организации. Престојот и работата на припадниците на спомнатите организации е регулиран со пропусници за движење и работа во подрачјето зафатено со кризната состојба кои ги издава Центарот за управување со кризи.